# ВМРО-ДПМНЕ не ги сака гласовите на Албанците за Силјановска

Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Христијан Мицкоски не ги сака Албанците ниту како гласачи. Во еден пост објавен на неговата Фејсбук страница, Мицкоски го повикува сите етнички заедници да гласат за професорката Гордана Силјановска, со исклучок само на Албанците кои не ги набројува во својот повик.

Мицкоски напиша:

> ***Јас користам оваа прилика да ги повикам граѓаните на Република Македонија, Македонците, Србите, Босанците, Турците, Ромите, Власите и сите останати да ни се придружат и да застанат со нас на 21-ви април, масовно да излезат на гласање и да го поддржат кандидатот на Коалицијата „За подобра Македонија“, професорката Гордана Силјановска Давкова.***

Извесно е дека ова не е ненамерен пропуст, бидејќи и 8 часа од објавувањето повикот, содржината е иста.

**А. Зеќири**